**М-р Душан М. Веригиќ**

# ВИДОВИ НА ПРАШАЛНИЦИ
## - или почитување на посебни правила за нивната изработка -

Никогаш не се зборува за видови на прашалници надвор од видовите на анкетите од кои исклучиво зависи нивното конфигурирање. Исто така, не може да се зборува за некакви "чисти"[1] видови на прашалници, како што е впрочем, тоа случај со видовите на анкети, како што се: Интервју - неформално, интервју - формално, строго формално интервју - анкета (сите три се face to face, односно директен контакт - разговор на интервјуерот - анкетарот со испитаникот), потоа, строго формална анкета - интервју - телефонска, строго формална анкета со самопополнување од страна на испитаникот и анкетирање преку пошта (дописно) и некои други видови на комбинирани анкети. Во сите наведени видови на анкети се применуваат, повеќе или помалку, различни видови на прашалници, како инструменти за прибирање на емпириските резултати од истражувањето. Меѓутоа, покрај компаративниот опфат на некои поинакви видови на прашалници и од различни видови на анкети, интересот на овој труд се движи *главно* во рамките на *анкетниот прашалник, кој претежно содржи прашања со однапред понудени одговори* т.н.. *затворени прашања*, и кога во анкетата најчесто се залагаме *да се избегнуваат* прашањата без да бидат однапред понудени одговори т.н. *отворени прашања* кои се покарактеристични за правење на интервјуа (формални, неформални или комбинирани).

Основната забелешка на поголемата застапеност на прашањата со отворени одговори во анкетните прашалници, на пример за самопополнување, за групно анкетирање и слично, е во тоа што не треба да се очекува некоја поголема можност за квантитативна анализа и воопшто за доверливост на

1. Gut, V. - Het, P. , Metodi socijalnog istraživanja, V. Karadžić, Beograd,. 1966, стр. 158.

добиените истражувачки резултати и, обратно: со примената на анкетните прашалници само со затворени одговори, не може да се бара некое позначајно ниво на квалитативна анализа. За тоа подолу условно се коментира: за каков вид на прашалници станува збор - отворени, затворени, комбинирани или сложени видови на прашалници. Сите тие прашалници се "физиономираат" во зависност од претежната употреба на видовите (типовите) на прашањата - отворени, затворени, комбинирани или сложени, а и двете се ставени во функција на начинот на одговарање (пополнување) на прашалникот - остварување и обавување на разговорот на анкетарот со испитаникот face to face, односно анкетарот ги поставува прашањата и понудува, или не, однапред можни одговори на испитаникот (*анкетно интервју*); анкетарот му го остава прашалникот на испитаникот лично да го пополни во негово присуство, или не; испитаникот го пополнува сам, без присуство на други лица, или во група со други испитаници (*индивидуално или групно анкетирање*); на испитаникот му се испраќа прашалникот преку пошта или се анкетира преку телефон, потоа анкетирање во домот на испитаникот, на работното место, на улица или на други места кои би барале и примена на соодветни видови на прашалници.

Во научната методолошка литература[2], посебен интерес претставуваат **особеностите** (позитивни или негативни, односно за предностите или недостатоците) и **адекватноста** на примената на одделни видови на прашања, а со тоа и одделни видови на прашалници, во одделни видови контакти со испитаници во анкета или интервју во различни варијанти и подваријанти.

За **адекватноста** на примената на одделни видови прашања овде нема да има коментар, што би било предмет на

2. Така на пример, да не ги наведуваме сите, во трудовите на Гилфорд, Гуд и Скејтс, Гут и Хет, Војин Милиќ, Мозер, Супек и други, посебно се покажува интерес за особеностите и адекватноста на примената на одделни видови на прашања, односно на одделни видови на прашалници, од каде и потекнува мојата мотивираност за анализа на видовите на прашалници и за воспоставување на посебни правила за нивната изработка.

посебна анализа, додека за особеностите на прашањата со отворени или затворени одговори или на нивните "хибриди" накратко се истакнуваат следните забелешки:

- На сите прашања на кои нема однапред понудени одговори, т.н. **отворени одговори**, испитаникот се наоѓа во состојба самиот, без некој за тоа да го "подучува", слободно да го искаже својот став, мислење, предлог, забелешка и слично, а анкетарот само треба да го запише одговорот, со што постои можност за "несклад" на исказот на испитаникот и записот на анкетарот - поради различни причини;

Главно, овој проблем на некои теоретичари не им пречи да одат понатаму во "решавањето на проблемот" на комуникација на различните видови на прашања. Така, Мозер се залага за тоа дека "секогаш е пожелно да се отпочне разговор со "отворено" прашање, за анкетираното лице да би се навело да зборува и да се чувствува слободно".Од друга страна, пак, истиот автор, за прашањата без понудени одговори, наведува дека имаат свои проблеми, па продолжува: "Добиениот детал е делумно одраз на зборливоста на анкетираното лице и затоа различните *количини* (како и различните поединости) на податоци ќе бидат на располагање на различни луѓе".[3]

Познато е дека, во една анкета, може да учествуваат поголем број на анкетари, и под претпоставка сите тие да поставуваат едно отворено прашање на еден ист испитаник и тој да дава еден ист одговор, може да се очекуваат поприлично различни квалитативни (читај текстуални) записи на анкетарите, секој на свој начин (по стил и содржина) да го запише добиениот одговор. Оваа тешкотија се мултициплира, отприлика, онолкупати, колку испитаници и се опфатени со примерокот на истражувањето. Поанатаму произлегуваат другите тешкотии при "преведувањето" на запишаните (во прашалник) квалитативни одговори во "кодираните" (во Кодекс на шифри воспоставени) категории кои можат да ја изгубат основната смисла на исказот на испитаникот или да се подведат под некои општи категории на одговори кои, всушност, не би

3. Mozer, C.A., Metodi anketiranja u istraživanju društvenih pojava, Kultura, Beograd, 1962, стр. 298-300.

означувале некој "квалитет", или би биле, еден вид "агрегат" на повеќе различни одговори и со тоа квантумски "исфорсирани", во однос на одговорите кои претходно биле дефинирани.

- Во прашањата со однапред понудени одговори, со т.н. *затворени прашања*, ситуацијата е поинаква од горните предупредувања. Имено, кога испитаникот нема слободен избор на одговори, освен оние одговори што однапред му се понудени, не е во ситуација многу да "размислува" и "да се мачи" за да најде, по негово мислење, соодветен одговор. На тој начин испитаникот се доведува во ситуација, по малку чудна - да избира само од она што му се нуди - и ништо повеќе.

Понатаму, не смее да се испуштат ни посебните предупредувања за неквалитетот при примената на прашањата од затворен тип. Оттука произлегува дека истражувачот (составувачот на прашалникот) мора да води сметка при наведувањето на можни одговори (модалитети) да не испушти некој одговор кој реално се очекува да се појави. Потоа, сите понудени одговори мораат меѓусебно да се исклучуваат, односно, некои од понудените одговори да не бидат јасни и разбирливи, за да не би "апсорбирале" одговорите кои припаѓаат на некој друг од понудените, дури и од непонудените, одговори итн.

Постојат и предупредувања за опасноста од исклучиво или претежно користење во прашалникот *затворени одговори* на поставените прашања, односно од примена на прашања со однапред утврдени одговори. Такво предупредување доаѓа од Војин Милиќ, со кое јасно се подвлекува дека "одговорите на ваквите прашања (затворени - заб. ДМВ) се крајно стеснети (стуткани). Мошне често испитаникот може да бира само помеѓу позитивната и негативната алтернатива, т.е. да каже дали некое мислење го прифаќа, или да се определува за еден од неколкуте однапред утврдени одговори. Во овој начин на испитување улогата на испитаникот се сведува на минимум, и тој може мошне лесно да дава сосема фиктивни одговори, а тоа, поради природата на постапката, сепак да не се забележи."[4]

---

4. Milić, V., Sociološki metod, Nolit, Beograd 1965, стр. 410.

Претпоставениот механички и раздробен начин на прибирање на емпириските податоци сé повеќе се синтетизира, односно може да се зборува за "агрегати" од мислења на испитаниците во рамките на цели групи структурно (според полот, возраста итн.) издиференцирани единици на испитување. Можеби за помасовни анкети (според опфатот и раздробеноста на структурата на испитаниците) ваквиот начин на прибирање на изворни информации (примарни извори на информации) не треба до крај да се проблематизира, но, да речеме во изведувањето на еден продлабочен интервју, во слободен и неформален разговор помеѓу интервјуерот и интервјуираниот, наведените последици од примената на прашања со однапред утврдени одговори, просто речено - ја промашуваат општата концепција на однапред замислениот научен пристап на прибирањето на изворни емпириски податоци.

**Во анкетата**, во најголем број социолошки и политколошки истражувања, со пообемен и похетероген опфат на испитаници, се залагам за последна и речиси за "стопроцентна" примена на прашалници од **затворен тип**. Поточно речено - под текстот на секое поставено прашање во прашалникот однапред да се наведе *исцрпната листа* на можни одговори. Тоа не значи дека не сум за примена во анкетата и на прашања со отворени одговори. Тоа се прашањата, пред сé, со кои ниту со претходната пилот - анкета не може да се "систематизираат" можните одговори, или пак поставеното последно прашање во прашалникот со кое се дава можност на испитаникот сам да го формулира прашањето и да даде свој одговор во вид на мислење, предлог, иницирање на проблемот, давање предлог или критички осврт, некои прашања за кои се претпоставува дека може да се појави подолга "листа" на различни одговори, а ние не сме во состојба сите однапред да ги понудиме или пак, оставање прашањето да биде без однапред понудени одговори, под претпоставка дека со испуштање на некој (подоцна емпириски осознаен) модалитет, да се појави недозволена "депласираност" во однос на оние што сме ги понудиле однапред на испитаникот итн.

Инаку, на мислење сум дека присуството на поголем број на отворени прашања, освен за оние што се најнужни (барањето

на поопширни мислења на испитаникот, одговорот на своето поставено прашање на крајот на правилникот што самиот испитаник ќе го формулира или при пилотирањето на прашалникот) - е *контрапродуктивно*, а подоцна ќе мултиплицира повеќе други потешкотии и нерационалности и при анкетирањето и при обработката, а да не зборуваме за конечната анализа и синтеза на анкетните резултати.

Сите автори укажуваат на предностите или недостатоците на прашањата со отворени, односно со затворени одговори, но досега во методолошката литература не сум сретнал - за кои **типови на прашања** се однесуваат забелешките (позитивни или негативни), на техниката на поставувањето на прашањата - како прашања со однапред понудени одговори, на прашањата со отворени одговори или на примената на комбинираната техника од двете претходни.

Се поставува, и најчесто се проблематизира, ова прашање затоа што има (се добива) и поинаква (различна) "тежина" за секоја од наведените предности или недостатоци. Така, на пример, во примената на отворените или затворените одговори во прашањата што ги зафаќаат *независните варијабли*, односно од испитаникот се бараат искази за *објективните податоци* (пол, возраст, занимање, образование и др.), а поинаков е "третманот" кај прашањата со кои кај испитаникот се бара неговото *субјективно мислење, став, оценка, определба и слично.*

Коментар за предностите или недостатоците на одредени видови на прашања, и коментарот за отстапувањата, различностите во примената кај одредени групи на прашања за одбележување на објективните или субјективните податоци, може да биде poприлично опширен, но овде сум на мислење дека доволно ќе биде да се истакнат само неколку мои видувања:

- Прво, кај сите прашања со кои се прибираат *објективни*, од типот на *атрибутивни податоци* за испитаникот, на пример, за полот, занимањето, образованието, брачната состојба, вработеноста и друго; понатаму, за прашањата со кои се мери интензитетот на задоволството, оценувањето за

определувањето на рејтингот (рангирањето), нивото на сложување, односно несложување; посебно за дихотомните прашања од типот на одговорите со *за* или *против*, со *да,не* и *не знам*, со *има, нема* или пак само *за знае* или *не знае* и др.; најпосле за прашањата во кои треба конкретно да се наведуваат сите можни модалитети за понудените одговори, на пример, со едно вакво прашање - *со која од соседните земји РМ треба да развива најдобри односи?*, а евентуалното испуштање на некои од можните модалитети (соседна земја) би било директно нарушување на принципот на непристрасност и несугестибилност на поставеното прашање, - за сите наведени примери **задолжителни да се прашањата од затворен тип,** односно со однапред понудени можни (сите, без испуштање) одговори на поставените прашања.

- Второ, на прашањата за кои истражувачот не е сигурен однапред кои ќе се можни модалитети како одговори на некое поставено, како и за одредени прашања на кои се сака преку пилот - анкетата да се утврдат можните одговори за тие прашања во конечната верзија на прашалникот; за прашањата за кои се претпоставува (очекува) дека можат да имаат поголем број на одговори (на пример, над бројката 30), а истражувачот не е однапред сигурен кои од нив би имале статистички значајна дистрибуција на фреквенцијата, или на прашањата за одбележување на независните варијабли со атрибутивните, особено со нумеричките белези за кои, исто така, не сме однапред сигурни за интензитетот на појавноста (на пример, за возраста, занимањето, месечните примања по член на домаќинството, за националната, верската или политичката припадност и др.); како и за порано споменатиот пример - за прашањето што се поставува, односно се остава на испитаникот сан да го постави и да одговори во врска со предметот на истражувањето, а ние не сме го прашале за тоа, - во овие случаи **најдобро е**, честопати е потребна *безусловна ориентација кон* **отворените прашања**, односно да не се понудуваат однапред одговорите, и

- Трето, може да се зборува (прифатливо е) за прашалници од отворен, затворен, комбиниран дури и сложен тип, но кога станува збор за *типовите на прашања*, научната релевантност

и компетентност останува на изборот (примената) *или само на отворени или само на затворени прашања*. Наспроти на ова определување, честопати, дури и секогаш, во нашите анкетни прашалници се среќаваат т.н. *полуотворени* или *полузатворени*, сеедно, прашања.

Ваквиот избор на прашања ја покажуваат, во што сум прилично убеден, *немоќта на истражувачот* до крај да ги обликува можните одговори, односно после наведувањето на познатите на истражувачот можни одговори, да даде можност на испитаникот да одговори поинаку (вон понудените одговори) под "*Нешто друго, што*?________".

Честопати си даваме за право дека е подобро да се даде можност на испитаникот да избере, односно поинаку да одговори, отколку да се ограничи само на нашите однапред понудени одговори. Меѓутоа, овде се појавува една друга *недоследност*, која однапред понудените можни одговори на едно прашање ги прави сугестивни и се "форсираат" (бидејќи му се читаат на испитаникот) во однос на можните отворени одговори (што самиот испитаник треба "да ги смисли") под "*Друго, што*?_______ "?

Накратко речено, постои *основана резервираност* и за "хибридот" од затворени и отворени прашања, односно *истражувачот треба што повеќе да ги избегнува*, но ете сепак се доста присутни во нашите анкетни прашалници. Што е, тука е - особено кога истражувачот има некои претходни сознанија за поголемата застапеност на модалитетите на одговорите што однапред ги нуди, но сепак се остава можност да се појават и одговорите што тој не ги предвидел.

*Втората резервираност* кон ваквата комбинирана формулација на прашањето и однапред понудените одговори, со можност да се добијат одговори и под "*Нешто друго, што*?____", е поради тоа што се усложнува понатамошната обработка (слично како и кај прашањата од отворен тип на добиените одговори вон "листата на понудените одговори" на даденото прашање. Во најголем број на случаи, при кодирањето, вака "отворениот" модалитет се испушта од понатамошна обработка - или поради слабата дистрибуција на појавност што, пак, укажува, на некој начин, дека е *вложен поголем*

*(нейойребен) йруд* во очекување на одговорите што не сме можеле однапред да ги предвидиме, се разбира доколку постоела можност за такви одговори, или поради основната "нееднаквост" на преференција во изборот на испитаникот (на истражувачот тоа не смее да му се случи) помеѓу однапред понудените одговори и одговорите што тој сам ќе треба "да ги смисли".

Можната примена на најразлични видови прашања, односно прашалници: прашалници само со прашања со *ойворени* одговори, само со *зайворени* одговори, комбинирано, дури и со посложени прашалници, во голема мера ќе зависи од она што се истражува,односно од намерата да се изнајде најпогоден вид на прашалник или видови на прашања во прашалникот за "материјата" што се истражува. Овде, се разбира, е потребно да се уважуваат и некои други елементи, исто така значајни, ако не и пресудни, кои ги "преферираат" одредени типови на прашања, како што се: потребното време на испитување, особеностите на единиците на испитување, применетите постапки и инструменти при анкетирањето, видот и големината на примерокот итн.

Погоре кажаното може да послужи **наместо заклучок**, но сепак се наведува дека примената на различни видови на прашалници не се само за анкетен интервју, во кој се остварува директен контакт - разговор на анкетарот и анкетираниот, туку тие (различни видови на прашалници) наоѓаат примена, уважувајќи ги особеностите и адекватноста на примената на одделни видови на прашања, и одделни видови на прашалници во сите познати видови на анкети, начини на анкетирање (индивидуално или групно) и со строго почитување на основните принципи на анкетирањето (анонимност, доброволност, чесност).[5]

5. Веригиќ, М.Д., Анкетата како посебна методолошка постапка во политиколошките истражувања (магистерска теза, одбранета во 1994 година, од која се преземени основните согледувања за темата што овде се обработува).

**Dusan Verigić**

# Types of Questionnaires

***Summary***

*The author pleading for special rules and accomplishment on the same, handing in mind adequatelu and specificity of certain types of question i. e. questionnaires.*

*Namely, scientific theoretical relevancy of the findings about the use of "closed" and "opened" questions, author is taking from significant scientific - methodological literature, as well as from own research experience.*

*Author urges, if not exclusively, at least, the greatest number of the questions in one survey questionnaire to be closed type and offers possible "solutions" for softening, as much as possible, the negative consequences that may emerge during the field part of the research:*

*-For closed survey questions is recommended, the use of exhausting and optimal list of possible answers (modalities) which are expected to gain distribution of frequencies on the level of statistical significance;*

*-Possibility of use of open survey questions too,but with restrictive use of the beforement one questionnaires, exempt for the interview - (non) formal, only in the situ-ation when the researcher ic not in position to be sure out the final list of answers; and*

*-The use of semiopen survey questions, which offers the possibility for the respondent to answer differently than offered answers, is frequently in the surveys, but instead conclusion, the author underlines that sciecitifical relevancy and competency remains on the choice of use eitheronly open or only closed types of questions, and "combined" types most frequently bring obstacles during the survey veiled work and during processing, all the way until final analysis of the gained research results.*